| | |
|---|---|
| Предмет | ОСНОВИ НА ЛОГОПЕДИЈА |
| Студиска програма | Тригодишни стручни студии за дипломиран логопед |
| Код: | СЛ-111 |
| Студиска година | Прва |
| Семестар | Први |
| Вкупно часови | 110 |
| Кредити | 7 |
| Вид на предмет | Задолжителен |
| Предуслови | Нема |
| Изведува: | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас |
| Одговорен наставник | Доц. д-р Горица Левенска |
| Адреса: | Завод за рехабилитација на слух, говор и глас, ул. Белградска бр. 15, Скопје Тел. +389 2 3147-894;<br>e-mail:glevenska@medf.ukim.edu.mk |
| Клучни зборови | Студии за логопеди, професионални предмети, основи на логопедија |
| Учебни цели | • Да стекне основни знаења од логопедијата, да се запознае со нејзината суштина, методите и техниките кои се применуваат<br>• Да ги совлада основните поими, поделба, значење и цели на логопедијата<br>• Да се запознае со тимската работа во логопедијата<br>• Да ги спознае компетенциите и одговорностите во својата професија<br>• Да ги запознае организационите модели во логопедијата<br>• Да ги развива вештините за работа во тим. |
| Кратка содржина | Теоретска настава (40 часа):<br>• Историјат на логопедијата<br>• Дефиниција и поделба на логопедијата<br>• Терминологија<br>• Оштетување, онеспособеност и попреченост (хендикеп). Видови на оштетувања кои можат да доведат до појава на онеспособеност и попреченост<br>• Функционирање, онеспособеност и здравје<br>• Терапевтска и рехабилитациона дејност<br>• Тимска работа во логопедијата<br>• Психосоцијална активност во логопедијата<br>• Базични познавања од логопедијата, нејзини цели, задачи, видови, основни принципи, индикации, контраиндикации<br>• Основни принципи во логопедијата<br>• Проценка на пациент од страна на логопедот<br><br>Вежби (30 часа):<br>• Обука на логопедот за тимска работа во рехабилитацијата на слухот, говорот, гласот и јазикот<br>• Запознавање со основните методи во логопедијата на лицата со неспособност и попреченост<br><br>Пракса (40 часа):<br>Праксата е задолжителна и се изведува на различни одделенија под водство на ментор-професор и логопед одговорен за тој оддел. Студентот е должен да се вклучи во сите активности во текот на полно работно време за што води дневник. |
| Организација | Теоретска настава: 40 часа<br>Вежби: 30 часа |

<table>
<tr><td></td><td>Пракса: престој во тек на полно работно време (40 часа)</td></tr>
<tr><td>Методи на учење</td><td>Предавања, вежби, семинари, пракса</td></tr>
<tr><td>Предвидени учебни резултати</td><td>Знаење и разбирање:<br>Студентот ќе се стекне со знаење за основите на логопедијата, за местото, улогата и дејноста на логопедот. Студентот ќе биде способен да се вклучи во тимската работа при рехабилитација на пациенти со неспособност и попреченост во слухот, говорот, гласот и јазикот.<br>Клучни вештинии:<br>Студентот ќе биде оспособен да ги применува во практиката здобиените теоретски знаења.</td></tr>
<tr><td>Специфични препораки за настава</td><td>Студентот е задолжен активно да ги следи сите предвидени активности, вклучително и учеството во континуираните проверки на знаењето за да добие потпис.<br><br>Бодирање на активностите на студентот:<br><br>
<table>
<tr><th>Вид на активност</th><th>Бодови</th></tr>
<tr><td>Теоретска настава *</td><td>7.5-12.5</td></tr>
<tr><td>Практична настава **</td><td>10-18</td></tr>
<tr><td>Пракса ***</td><td>2.5-7.5</td></tr>
<tr><td>Континуирани проверки-2</td><td>25-40</td></tr>
<tr><td>Практичен испит</td><td>15-22</td></tr>
<tr><td>Вкупно:</td><td>60-100</td></tr>
</table>
<br>* присуство на теоретска настава<br>51% - 60% - 7.5 бода;<br>61% - 70% - 8 бода;<br>71% - 80% - 9 бода;<br>81% - 90% - 10 бода;<br>91% -100% - 12.5 бода.<br><br>** практична настава: секоја вежба носи 0.6 бод (30 вежби):<br>присуство - 0.2 бода<br>активност на вежба - 0.4 бода<br><br>*** успешност на праксата:<br>51% - 60% - 2.5 бода;<br>61% - 70% - 4.0 бода;<br>71% - 80% - 5.0 бода;<br>81% - 90% - 6.0 бода;<br>91% -100% - 7.5 бода.<br><br>Условувачки критериуми: Студентот е потребно редовно да ја посетува теоретската и практичната настава за да пристапи на континуираната проверка. Проверката е писмена. Практичниот дел на испитот се изведува по завршување на вежбите и се состои во проверка на практичните знаења, оценка на дневникот и оценка на однесувањето и ангажманот на студентот. Оценката за целокупниот испит се добива според табелата на оценки, а врз основа на збирот на бодовите добиени од сите активности, вклучувајќи ги и континуираните проверки и практичниот дел од испитот. Студентот е должен да освои минимум бодови (60%) од континуираните проверки и практичниот испит, во спротивно, се јавува на комплетен завршен испит.<br><br>Комплетен завршен испит: Испитот е писмен и/или практичен. Се состои од континуираната проверка и/или практичниот испит на коишто студентот не освоил минимум бодови.</td></tr>
<tr><td>Учебни помагала</td><td>Основни:</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | • Авторизирани предавања од предавачите. |